РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Министерство за енергетика,рударство
и минерални суровини
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
Ministria e Energjisë,Minerave dhe
Burimeve Minerale

Бр.Nr 31-1791/1
10-02-2026 20__ год.viti
Скопје-Shkup

ДРУШТВО ЗА ТРГОВИЈА И УСЛУГИ
АЛГО НЕМЕТАЛИ ДОО извоз-увоз
Бр. 0302-1202/26
12.02 20 26 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 39 став (11) од Законот за минерални суровини (*) („Службен весник на Република Македонија" бр.136/12, 25/13, 93/13, 44/14, 160/14, 129/15, 192/15, 39/16, 53/16, 120/16, 189/16, 7/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.99/22, 129/23, 253/23, 147/24 и 49/25), Одлуката за продолжување на концесијата за експлоатација на минерална суровина – гнајсни шкрилци и кварц на Друштвото за трговија и услуги АЛГО НЕМЕТАЛИ ДОО извоз-увоз Скопје на локалитетот „Големи Орљак" Ѓердан Плочи кај с.Отошница, општина Ранковце бр.57-845/3 од 27 јануари 2026 година („Службен весник на Република Северна Македонија бр. 16/26) и членот 23 од Договор за концесија за експлоатација на минерална суровина - гнајсни шкрилци и кварц на локалитетот „Големи Орљак" Ѓердан Плочи кај с.Отошница, општина Ранковце бр.24-5604/1 од 13.11.2014 година

**1. ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**застапувана од Министерот за енергетика, рударство и минерални суровини**
**Сања Божиновска**
**(во натамошниот текст: концедент)**
**и**
**2. Друштво за трговија и услуги АЛГО НЕМЕТАЛИ ДОО извоз-увоз Скопје**
**со адреса: Ул Христо Татарчев бр. 21А/39**
**Скопје – Кисела Вода, Република Северна Македонија**
**застапувано од лицето Александар Ивановски**
**(во натамошниот текст: концесионер)**

**на ден __________ 2026 година во Скопје, склучија:**

# АНЕКС
# НА ДОГОВОРОТ ЗА КОНЦЕСИЈА ЗА ЕКСПЛОАТАЦИЈА НА МИНЕРАЛНА СУРОВИНА – ГНАЈСНИ ШКРИЛЦИ И КВАРЦ НА ЛОКАЛИТЕТОТ НА ЛОКАЛИТЕТОТ „ГОЛЕМИ ОРЉАК" ЃЕРДАН ПЛОЧИ КАЈ С.ОТОШНИЦА, ОПШТИНА РАНКОВЦЕ

Член 1

Во Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина – гнајсни шкрилци и кварц на локалитетот локалитетот „Големи Орљак" Ѓердан Плочи кај с.Отошница, општина Ранковце бр. 24-5604/1 од 13.11.2014 година, членот 3 се менува и гласи:

„Член 2

**Рок на важење на концесијата**

Концесијата од член 2 на овој договор се продолжува за период од осум години".

Член 2

Како почеток на важење на продолжувањето на концесијата од членот 1 од овој анекс на Договор се смета денот на потпишувањето на овој Анекс на Договор.

Член 3

Овој анекс на договор е составен во (7) седум еднообразни примероци, од кои по 4 (четири) примероци за Концедентот и по 3 (три) примероци за Концесионерот.

Член 4

Овој анекс на договор влегува во сила со денот на неговото потпишување и е составен дел на Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина – гнајсни шкрилци и кварц на локалитетот „Големи Орљак" Ѓердан Плочи кај с.Отошница, општина Ранковце бр. 24-5604/1 од 13.11.2014 година и Анекс на Договорот за концесија бр.24-2732/1 од 01.04.2016 година.

Член 5

Сите останати одредби од Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина – гнајсни шкрилци и кварц на локалитетот „Големи Орљак" Ѓердан Плочи кај с.Отошница, општина Ранковце бр. 24-5604/1 од 13.11.2014 година и Анекс на Договорот за концесија бр.24-2732/1 од 01.04.2016 година остануваат во сила, непроменети.

| За Концедентот | За Концесионер |
| --- | --- |
| ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА МИНИСТЕР ЗА ЕНЕРГЕТИКА, РУДАРСТВО И МИНЕРАЛНИ СУРОВИНИ | Друштво за трговија и услуги АЛГО НЕМЕТАЛИ ДОО извоз-увоз Скопје |
| Сања Божиновска | Александар Ивановски |

Изработил: Љубица Лешоска Трајковска
Контролирал: Кика Шпритова
Согласен: m-r Jeton Kuçi
Филип Петровски
Проверил номотехнички: Елена Неткова Ивковска
Маја Ивановска Тофиловска
Одобрил: Горан Јовановски

## Топографска карта на концесиски простор

1:25000

**Локалитет:** Големи Орљак Ѓердан Плочи с.Отошница - Ранковце

**Минерална суровина:** Гнајсни шкрилци и кварц

**Површина = 0.130935 км2**




| T | Y | X |
|---|---|---|
| 1 | 7589580 | 4676380 |
| 2 | 7589380 | 4676380 |
| 3 | 7589380 | 4676270 |
| 4 | 7589250 | 4676270 |
| 5 | 7589250 | 4676470 |
| 6 | 7589380 | 4676470 |
| 7 | 7589380 | 4676880 |
| 8 | 7589550 | 4676880 |
| 9 | 7589550 | 4676894 |
| 10 | 7589617 | 4676907 |

| T | Y | X |
|---|---|---|
| 11 | 7589639 | 4676812 |
| 12 | 7589580 | 4676812 |